Агенција за привремени вработувања
**КОНТАКТ БИЗНИС**
Бр. 0307-256
31.01.2018 год.
СКОПЈЕ

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА КОЧАНИ**
Бр. 05-2015
31.01.2018 год
КОЧАНИ

# ГЕНЕРАЛЕН ДОГОВОР

за деловна соработка во областа на привремените вработувања

Склучен помеѓу:

1. **Општина Кочани,** со седиште во Кочани, ул."Раде Кратовче" бр.1, застапувана од Градоначалникот на општина Кочани, Г-дин Николчо Илијев во својство на одговорно лице на Договорниот орган (во понатамошниот текст: ***Работодавач-корисник***) и
2. ***Агенција за привремени вработувања „Контакт Бизнис" од Скопје*** со седиште на ул."Антон Попов" бр.41 А - Скопје, со ДБ:4030006612076 и ЕМБС: 6162070, жиро с-ка 210061620700127, НЛБ Тутунка банка АД Скопје, застапувана од Управителот Ирена Стојковска Маневска (во натамошниот текст на договорот: ***АПВ***)

**Член 1**

Предмет на договорот за јавна набавка на услуги е :

***- Ангажирање на агенција за привремени вработувања***

а заради обезбедување/отстапување на работници за вршење на привремени работи, во име и за сметка на Работодавачот - корисник, на начин и услови пропишани со одредбите од областа на привремените вработувања и човечките ресурси, на основа на Законот за работни односи и Законот за агенциите за привремени вработувања.

Предметот на набавка од ст.1 на овој член е детално опишан во спецификацијата, составен дел на тендерската документација, изработена од Работодавачот - корисник, за спроведување на Отворена постапка која се спроведува со користење на електронски средства и завршува со е-Аукција, како последна фаза за доделување на договорот за јавна набавка, со објавување на Оглас бр.05-2112/4/2017( објавен на ЕСЈН на ден 12.12.2017 год. и во „Службен весник на РМ " бр. 182/17 и Ted publication 2017/S 241-501863), а по Одлука за јавна набавка бр. 05-2112/2 од 05.12.2017 година, за доделување договор за јавна набавка.

**Член 2**

Вкупната вредност за реализација на договорот согласно вкупно планираните средства за реализација на договорот утврдени во чл. 3 од Одлуката за јавна набавка бр. 05-2112/2 од 05.12.2017 год. изнесува 4.000.000,00 ден.

Во вкупната вредност на договорот влегува висината на процентуалниот надоместок за извршената услуга за АПВ со ДДВ на истиот, како и платите и придонесите од плати по сите основи за сите работници.

Работодавачот - корисник нема обврска во целост да ја реализира вредноста на договорот од став 1 на овој член. Реализацијата ќе зависи од потребниот број лица, односно од бројот на отстапените работници за кои ќе се јави потреба за отстапување кај Работодавачот – корисник.

**Член 3**

АПВ може врз основа на овој договор да отстапи работник на Работодавачот-корисник за вршење на привремени работи во случај на:

1. замена на привремено отсутен работник ;
2. привремено зголемен обем на работа ;

3. сезонска работа ;
4. работа на проект ;
5. специфични неконтинуирани работи кои не се дел од претежната дејност на работодавачот корисник и
6. непредвидливи краткотрајни активности што се јавуваат во вршењето на претежната дејност на работодавачот корисник .

**Член 4**

Работодавачот - корисник се обврзува на АПВ да му ги обезбеди неопходните услови за реализација на неговите обврски до ниво на вообичаен оптимум во законска смисла на зборот.

Одредбата од ст.1 на овој член особено се однесува на навремено презентирање на информации и документација, опис на формални и фактички квалификации на потребниот кадар за вработување, временски период на привременото вработување, подготвителни дејствија, како и назначување на овластено лице за контакт за потребите на овој договор.

Работодавачот - корисник потврдува дека вработените што ќе бидат отстапени за негови потреби преку АПВ ќе ги имаат вообичаените работни услови согласно законските прописи и условите кај Работодавачот - корисник, особено дека заштитата при работа е негова обврска, како и дека секојдневната комуникација и воспоставување релации со вработените и контрола на нивното работење е негова обврска.

**Член 5**

АПВ е носител на лиценца „ А " за вршење на привремени вработувања, издадена од Министерството за труд и социјална политика под број 08-998/4 од 02.05.2017 година, со важност на истата од 12.05.2017 год. до 12.05.2019 год. и истиот има референтни знаења и искуство од областа на вработувањата и човечките ресурси.

АПВ е должна да отстапи работници за вршење привремени работи на начин опишан во тендерската документација за конкретната постапка, односно:

- по доставено барање од Работодавачот-корисник за обезбедување/отстапување на број и квалификации на работници за конкретна потреба, со времетраење на потребата, место на извршување на работата и сите други неопходни податоци заради реализација на истата, во согласност со одредбите од Законот за агенциите за привремени вработувања / АПВ /, прописите за работните односи и заштитата при работа.

Барањето ќе биде потпишано од одговорното лице кај Работодавачот - корисник и заверено од истиот со печат. Исто така, Работодавачот - корисник на АПВ ќе ѝ достави и одобрение-согласност за обезбедените средства за исплата на плати на отстапените работници во Буџетот на општина Кочани за 2018 год.

По доставеното барање од Работодавачот - корисник, АПВ е должна да одговори на барањето во рок од 1 /еден/ ден по приемот на истото, односно да отстапи работници за вршење привремени работи, во зависност од потребите кај Работодавачот – корисник, а во согласност со барањето опишано во ст.2 .

АПВ ќе ги преземе сите потребни дејства на добра волја и засилено внимание за да изврши избор на кадар согласно барањата и потребите на Работодавачот – корисник.

**Член 6**

АПВ е должна да потпише Договор за вработување со отстапениот работник, согласно Законот за работни односи и Законот за агенции за привремени вработувања.

По пријавувањето на лицата за привремено вработување, со бараниот датум, АПВ е должна, во седиштето на Работодавачот-корисник (по пошта и по e-mail), да достави примероци од М1/М2 образец, од кои Работодавачот – корисник, ќе утврди дека работниците се уредно пријавени.

АПВ истовремено е должна самостојно да се организира за потпишување на договорите помеѓу лицата кои на барање на Работодавачот - корисник ќе бидат пријавени преку нив.

АПВ е должна на вработеното лице да му исплатува месечна плата во износ и време согласно договорените износи и динамика, усогласени со условите определени во тендерската документација, како и да ги подмирува сите задолжителни давачки кон надлежните институции во Република Македонија согласно важечките прописи.

АПВ има право повремено да се информира кај Работодавачот - корисник за квалитетот на работниот ангажман и нивото на исполнување на работните обврски на привремено вработените лица.

Од Агенција за привремени вработувања се бара да ги врши услугите со Пријава/Одјава на работници во најбрз временски рок.

Пресметката за плати од ангажираните работници да ја доставува во Општина Кочани најдоцна до 27 – от ден од месецот.

Здравствените картони за ангажираните работници да ги доставува во Општина Кочани најдоцна до 15 – от ден од месецот.

Личното осигурување на ангажираните работници исклучиво да биде во договор со АПВ и ангажираниот работник, а не на самостојна одлука на АПВ.

Договорите помеѓу АПВ и ангажираните работници, да бидат навремено доставувани до Општината, со можност за продолжување односно раскинување на договорот без последици.

Трошоци околу Пријавата односно Одјавата на работникот т.е. ППР образец, М1М2 образец, ЗОО образец паѓаат на товар на АПВ, а не на Општината или ангажираниот работник.

АПВ по Барање (писмено, електронски или усно) од работникот или Општината за одреден вид на Потврди, поврзани со работниот однос на работникот да ги достави во Општина Кочани на трошок на АПВ.

Навремена исплатата на плати за ангажираните работници.

Да ги обезбеди сите права по основ на работен однос кои произлегуваат од Законот за агенции за привремени вработувања, Законот на работните односи, Законот за заштита при работа , Колективниот договор и другите прописи кои важат за вработените кај договорниот орган.

На барање на договорниот орган да го откаже договорот за вработување пред времето определено со договорот, а поради кршење на работниот ред и дисциплина или работните обврски со или без отказен рок во зависност од видот на повредата, односно неисполнувањето на работните обврски, согласно одредбите од Законот за работните односи и другите прописи кои важат за вработените во Општина Кочани.

Доколку во текот на годината за која ќе биде склучен Договорот со Агенцијата за привремени вработувања, односно за 2018 година, се јави потреба за отстапување на дополнителен број работници за вршење на привремени работи, Работодавачот – корисник, Општина Кочани, може да побара определен број на

работници од избраната Агенција за привремени вработувања согласно одредбите од Законот за јавни набавки и другите позитивни законски прописи во РМ.

**Член 7**

Работодавачот - корисник е должен да ги обезбеди сите права по основ на работен однос кои произлегуваат од Законот за агенции за привремени вработувања, Законот на работните односи, Законот за заштита при работа , Колективниот договор и другите прописи кои важат за вработените кај истиот.

Работодавачот - корисник се обврзува редовно и во законски утврдените рокови да му доставува на АПВ пресметка за месечната плата како и сите давачки поврзани со платата за секој вработен и тоа на основа на прописите што се применуваат кај него за утврдување на платата, додатоците на платата и надоместоците.

На основа на изготвените пресметки, Работодавачот - корисник во законски утврдениот рок ќе и исплаќа на АПВ плата и давачки врзани за платата за отстапените работници во износ определен од Работодавачот - корисник.

Работодавачот - корисник е должен на АПВ да му исплати и надоместок за извршената услуга за отстапување на работниците за вршење на привремени работи – во висина од **2,66 %** од бруто плата на отстапен работник и ДДВ од 18 % на провизијата, односно на висината на процентот на бруто платата за секој отстапен работник .

Висината на процентуалниот надоместок е фиксна и непроменлива по ниту еден основ за целото времетраење на договорот, а истата е утврдена согласно избраната најповолна понуда.

**Член 8**

Исплатата на износите од чл. 7 ќе се врши по доставување фактура од страна на АПВ, со пресметка за плати и придонеси од плата и други додатоци и надоместоци на отстапените работници, согласно одредбите во Законот за агенции за привремени вработувања и Закон за исплата на плати, а АПВ е должна во рок од 1 /еден / ден, сметано од денот на уплатените средства со извештај за остварени ефективни часови на отстапените работници од страна на Работодавачот-корисник и уплатените средства за висината на надоместокот за услугите на АПВ, да им ја исплати платата на отстапените работници.

Непочитувањето на обврската за навремено плаќање се третира како суштествена повреда на овој Договор.

Пресметката за плати од ангажираните работници да ја доставува кај Работодавачот-корисник најдоцна до 27 – от ден од месецот.

**Член 9**

АПВ е должен на отстапените работници, услугата од видот: Пријава/Одјава до Агенцијата за вработување на РМ, да ја врши во најбрз временски рок, по склучување или завршување на договорот.

Лицата кои ќе бидат ангажирани преку АПВ ќе бидат осигурани во осигурителна компанија со премија во износ од 100,00 ден. месечно. Осигурувањето е доброволно и ќе го користат лица кои ќе достават барање до АПВ.

Здравствените картони за отстапените работници, АПВ е должен да ги доставува кај Работодавачот-корисник најдоцна до 15-от ден од месецот.

**Член 10**

Работодавачот-корисник може да го откаже договорот за вработување пред времето определено во истиот, а поради кршење на работниот ред и дисциплина или работните обврски со или без отказен рок во зависност од видот на повредата, односно неисполнувањето на работните обврски, согласно одредбите од Законот за работните односи и другите прописи кои важат за вработените во Општина Кочани.

Доколку Работодавачот – корисник не е задоволен од работата и однесувањето на отстапените работници, потребно е благовремено да го извести АПВ.

Договорот за вработување склучен помеѓу АПВ и отстапениот работник може да се раскине предвреме:

- со писмено известување 3 /три/ дена однапред за договори за вработување склучени до 30 дена;
- со писмено известување 5 /пет/ дена однапред за договори за вработување склучени над 30 дена.

Престанокот на потребата за работникот кај Работодавачот-корисник пред истекот на рокот наведен во договорот не може да биде причина за раскинување на договорот ниту помеѓу Работодавачот-корисник и АПВ – генералниот договор, ниту меѓу АПВ и отстапениот работник.

**Член 11**

Работодавачот-корисник му пренесува работи од неговиот делокруг на работа поврзани со обработка на личните податоци на АПВ, во согласност на член 26 од Законот за заштита на личните податоци:

- Обврска за АПВ да постапува единствено во согласност со упатствата добиени од страна на Работодавачот - корисник и

- Обврска и за АПВ да преземе технички и организациски мерки за да обезбеди тајност и заштита на обработката на личните податоци, согласно Правилникот за начинот на вршење на видео надзор во Општина Кочани (бр.03-2746/1 од 09.12.2011 година).

**Член 12**

Носителот на набавката е должен во рок од 7 дена од денот на склучувањето да достави банкарска гаранција за квалитетно извршување на Договорот во еден оригинален примерок, на износ од најмалку 200.000,00 ден. со која се обврзува навремено, квалитетно и според условите од договорот да ја изврши услугата за отстапување на работници за привремено вработување, која е предмет на овој договор.

Доколку гаранцијата не биде доставена во утврдениот рок, договорот нема да има правна важност.

Доколку АПВ не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста. Во случај на неисполнување на некоја од обврските од договорот за јавна набавка согласно договореното, Работодавачот-корисник писмено ќе го извести АПВ дека ќе пристапи кон наплата на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот нарачателот му ја враќа на АПВ, во рок од 14 /четиринаесет/ дена од целосното реализирање на договорот.

Доколку АПВ во рокот утврден во ст.1 од овој член не достави банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорот, Работодавачот-корисник ќе ја активира изјавата за сериозност на понудата, а истото ќе резултира со издавање негативна референца против АПВ на начин и согласно условите утврдени во Законот

за јавните набавки и овој договор ќе се раскине со проста изјава од страна на Работодавачот – корисник.

**Член 13**

За сè што не е споменато во овој Договор, ќе се применуваат начелата на целокупното материјално и процесно право на Република Македонија, а пред сè Законот за агенции за привремени вработувања и Законот за облигациони односи.

Евентуалните измени на некои од одредбите на овој Договор ќе бидат изразени во пишана форма преку анекс кон договорот за соработка.

За евентуален спор по овој договор ќе решава стварно и месно надлежен суд.

**Член 14**

Времетраење на важноста на овој Договор изнесува 12 / дванаесет / месеци, односно истиот стапува на сила на ден 01.02.2018 год. и ќе важи до 31.01.2019 год.

**Член 15**

Овој договор е изготвен во 6 /шест/ идентични примероци, од кои 2 /два/ за АПВ и 4 /четири/ за Работодавачот-корисник.

| | |
|---|---|
| ***Агенција за привремени вработувања,*** | ***Работодавач-корисник,*** |
| ***„ Контакт Бизнис " Скопје*** | ***Општина Кочани*** |
| ***Управител,*** | ***Градоначалник,*** |
| ***( Ирена Стојковска Маневска )*** | ***( Николчо Илијев )*** |

КОНТАКТ БИЗНИС

*Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки - Татјана Крстова*
*Контролирал: Раководител на одделение за човечки ресурси – Драган Ананиев*